# Пита за непријателот

**Внимателно прочитајте и одговорете на прашањата !**

1. **Кој ја раскажува приказната?** (Обележете го точниот одговор) А. Џереми Б. Тато В. Стенли Г. Том

2. **На почетокот на приказната, зошто Том мислел дека Џереми му е непријател?**

3. **Напишете една состојка што Том мислел дека треба да биде во Питата за непријателот**.

4. **Најдете го делот од приказната до сликата со парче пита: Зошто Том мислел дека летото сепак ќе биде добро**? (Обележете го точниот одговор)

А. Сакал да си игра надвор. Б. Бил возбуден за планот на тато.

В. Добил нов пријател. Г. Сакал да ја проба Питата за непријателот.

5. **Како се чувствувал Том кога првпат ја мириснал Питата за непријателот? Објаснете зошто се чувствувал така.**

6. **Што мислел Том дека би можело да се случи откако непријателот ќе ја проба Питата за непријателот?**

Напишете едно нешто.

7. **Кои две работи му ги кажал тато на Том да ги направи за Питата за непријателот да делува?**

8. **Зошто Том отишол во куќата на Џереми?** (Обележете го точниот одговор)

А. Да го покани Џереми на вечера. Б. Да му каже на Џереми да го остави Стенли намира.

В. Да го викне Џереми да си играат. Г. Да го праша Џереми да му биде пријател.

9. **Што го изненадило Том во врска со денот поминат со Џереми?**

10. **На вечерата, зошто Том почнал да размислува дека тој и тато треба да заборават на Питата за непријателот?** (Обележете го точниот одговор)

А. Том не сакал да го дели десертот со Џереми. Б. Том не мислел дека Питата за непријателот ќе делува.

В. На Том почнал да му се допаѓа Џереми. Г. Том сакал Питата за непријателот да биде тајна.

11. **Како се чувствувал Том кога тато му подал парче од Питата за непријателот на Џереми?** (Обележете го точниот одговор)

А. Вознемирено. Б. Задоволно. В. Изненадено. Г. Збунето.

12. **Која била тајната на тато за Питата за непријателот?** (Обележете го точниот одговор)

А. Тоа била обична пита. Б. Имала одвратен вкус.

В. Тоа било неговото омилено јадење. Г. Тоа била отровна пита.

13. **Погледнете ја оваа реченица од крајот на приказната: „По десертот, Џереми ме покани да одам кај него дома наредниот ден.“ Што кажува оваа реченица за момчињата?** (Обележете го точниот одговор)

А. Тие сè уште се непријатели. Б. Не сакаат да си играат во куќата на Том.

В. Сакаат да јадат уште од Питата за непријателот. Г. Тие можат да станат пријатели во иднина.

14. **Искористете го она што го прочитавте за да објасните зошто таткото на Том навистина ја направил Питата за непријателот**.

15. **Каква личност е таткото на Том? Наведете пример што направил во приказната што го покажува тоа.**